**20240961865**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24) и член 138 став 11, член 140 став 7, член 142 став 16, член 145 и член 147 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22 и 64/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА И СОГЛАСНОСТИ НА ОПЕРАТОР НА ПЛАТЕН СИСТЕМ И ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ РЕГИСТАР НА ОПЕРАТОРИ НА ПЛАТНИТЕ СИСТЕМИ**

1. Во Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 289/22), во точката 3 потточка 3.8 алинеја 1, броевите: „23, 24“, се бришат.

2. Во точката 7 став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „90 (деведесет)“ се заменуваат со зборовите: „120 (стоидваесет)“.

3. Во точката 9 потточка 9.1 став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

4. Во точката 12 став 1 алинеја 3, по зборот: „гувернерот“ се додаваат зборовите: „или Извршниот одбор“.

5. Во точката 13 став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „60 (шеесет)“ се заменуваат со зборовите: „90 (деведесет)“.

6. Во точката 21 став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“, а зборовите: „60 (шеесет)“ се заменуваат со зборовите: „90 (деведесет)“.

7. Во точката 23 став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

8. Во точката 24, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

9. Во точката 25 став 1, зборот: „Гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-16400/2
25 април 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.